**Архивски бр.:** ИП1 29-548
**Дата:** 21.08.2024 година

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 200 став 7 од Законот на животна средина по извршениот контролен надзор во Правениот Субјект ДТТУ Радика Резорт ДООЕЛ увоз- извоз с.Леуново- Ростуше и Маврово а во поглед на остранување на недостатоците утврдени во записникот ИП1 29-548 од 18.08.2025 и барањето број.1973/0302 од 15.08.2025 на горенавенениот правен субјект донесе:

## РЕШЕНИЕ

<u>СЕ ЗАДОЛЖУВА ВО ДОПОЛНИТЕЛЕН РОК</u> - Правниот субјект ДТТУ Радика Резорт ДООЕЛ увоз- извоз с.Леуново- Ростуше и Маврово да преземе мерки за отстранување на недостатоците утврдени со записник бр. ИП1 29-548 од 18.08.2025 и тоа:

1. Да изврши мерења за квалитетот на отпадните води (мерка пропишана во одобруваниот Елаборат за животна средина ) согласно член 24 од Законот за животна средина.

   Рок: 30 (триесет) дена од приемот на решението

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1 на оваа решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциска мерка, а најдоцна во рок од три дена писмено или во електонска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

3. Жалбата против ова решение не го одлага неговото извршување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина изврши контролен инспекциски надзор во Правниот субјект ДТТУ Радика Резорт ДООЕЛ увоз- извоз с.Леуново- Ростуше и Маврово. При надзорот беа присутни претставници од Државниот инспекторат за животна средина Имрије Љума Мемеди–Државен инспектор за животна средина-канцеларија Гостивар и Предраг Милошевски - вработен во Правниот субјект (овластено лице) . Согласно инспекциски надзор се изготви Записник за констатација со бр. ИП1 29-548 од 18.08.2025 година.

При увидот е констатирано следното: Правниот субјект не вршел мерења на квалитетот на отпадната вода. До Државен инспекторат за животна средина е доставено допис „Барање за продолжување на Рокот по издаденото решение бр. ИП1 29-548 од 15.07.2025 год„ со број 1973/0302 од 15.08.2025 година со кое Правниот субјект бара продолжување на рокот за отстранување на недостатоците.
Од Страна на Државниот инспекторат за животна средина барањето е прифатено со доплнителен рок 30 (триесет дена), и правниот субјект треба да превземе мерки со кои се придржува кон законите и другите прописи , техничките прописи, стандарди и други општи акти определени по Закон за животна средина .
Така согласно член 200 став 7 од Законот за животна средина донесена е одлука како во диспозитивот.
Жалбата против ова решение не го одлага неговото извршување согласно член 208 став 10 од Законот за животна средина.

ПРАВНА ПОУКА:
Против ова Решение согласно со членот 84 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ бр.102/2019, 22/25) може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.
Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.
Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под број ИП1 29- 548 од 21.08.2025 година.

Државен инспектор за животна средина
Имрије Љума Мемеди

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPSINOR
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
INSPEKTORATI SHTETËROR I MJEDISIT JETËSOR
II
СКОПЈЕ-SHKUP

Доставено до:
Архива
ДТТУ Радика Резорт ДООЕЛ увоз- извоз с.Леуново- Ростуше и Маврово


Палата Емануел Чучков
Јордан Мијалков, 5-спрат, Скопје 1000,
Република Северна Македонија

Pallati Emanuel Cuckov,
Jordan Mijalkov, 5-kat, Shkup 1000)
Republika e Maqedonisë së Veriut

i.luma@sei.gov.mk
tel.076 446 263